**Известување за концентрација со која Дојче Луфтханза Акциенгезелшафт од Германија ќе стекне самостојна контрола над Италија Траспорто Аерео С.п.А.**

**(предмет бр. 08-149 од 2023 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 10.10.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација кое се однесува на стекнувањето на самостојна контрола од страна на Дојче Луфтханза Акциенгезелшафт со регистрирано седиште на Фенлоер Штрасе 151-153, 50672 Келн, Германија над Италија Траспорто Аерео С.п.А. со регистрирано седиште на адрес Виа Венти Сеттембре, 97, Рим –Италија.

**-Дојче Луфтханза Акциенгезелшафт** холдинг друштво на Луфтханза Групацијата, друштво за авијација од Германија, со деловни операции на светско ниво, со седиште во Келн, Германија. Дојче Луфтханза Акциенгезелшафт обезбедува услуги за патнички воздухопловен транспорт, товарен воздухопловен транспорт и сродни услуги. Управува летови до 320 дестинации во 104 држави, со возен парк од повеќе од 700 воздухоплови. Главните центри на ДЛХ за меѓународното деловно работење се франкфурт, Минхен, Цирих, Брисел и Виена. Со 109.509 вработени, Луфтханза Групацијата пренела околу 101,8 милиони патници. Луфтханза Групацијата оперира летови од/до Северна Македонија и Аустријан Еарлајнс (Austrian Airlines) има подружница во Скопје - Аустријан Еарлајнс АГ Виена - Австрија Офис Парк 2 1300 Виенна Аирпорт Австрија Подружница на Аустријан Еарлајнс АД - Мралино Илинден (со регистрирано седиште на БОСФОР бр. 1, Меѓународен аеродром – Скопје / Канцеларија 2087-8 Мралино, Илинден) и регистрирана приоритетна дејност 51.10 – Патнички воздухопловен транспорт).

**-Италија Траспорто Аерео С.п.А.** кое во своето трговско работење дејствува како Италија Траспорто Аерео С.п.А. е национален авиопревозник на Италија, со седиште во Рим. ИТА била основано во 9 октомври 2022 година согласно со италијанкото право и е под контрола на италијанското МЕФ. Од 15 октомври 2021 година, ИТА е претежно активна во полето на услуги за патнички воздушен транспорт на домашни и меѓународни летови. ИТА нема регистрирано зависно друштво и не оперира летови од/до Северна Македонија.

Релевантниот пазар на стоки за пријавената концентрација би можел да се дефинира како пазар за обезбедување на услуги за патнички воздухопловен транспорт по распоред.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

10.10.2023 година

Скопје